РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1563/2
09-11-2021 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на првото продолжение на 54-тата седница одржана на 02.11.2021 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата заведена под број 12-1563/1 од 14.04.2021 година, против правно лице ДПТУ ----------- ДОО увоз извоз ----------, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, пријавеното правно лице не правен субјект за кои ДКСК има надлежност за постапување.

Предметот со број 12-1563/1 од 14.04.2021 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на познат подносител, на ден 14.04.2021 година, поднесена е пријава против правно лице ДПТУ --------- ДОО увоз извоз -------- , и оформен е предмет број 12-1563/1 од 14.04.2021 година.

Во пријавата, подносителот наведува дека фирмата работи во супстандардни услови, потоа наведува дека постои незаконито работење во однос на материјалното водење на сметководствената евиденција .

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека во случајот, пријавеното правно лице не правен субјект за кои ДКСК има надлежност за постапување.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Изготвил: С.М
Одобрил: К.Н-член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk